# ЖИЧАНИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

# Народни музички инструменти



# ЖИЧАНИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

## Тамбура

**Тамбурата е тадиционален, македонски, народен, жичан инструмент.**

Се изработува од липово, јаворово, крушково и друг вид на дрво. **Тамбурата е составена од три дела: корпус (тело), врат и глава.**

Тамбурата при свирењето се држи во хоризонтална положба и завртена на левата страна. **Звукот се добива кога со десната рака и со помош на трзалица се свири по жиците.**

Со притискање на жиците со прстите од левата рака се произведуваат тонови различни по висина.

Во народната инструментална традиција тамбурата се употребувала како соло инструмент, а во поново време и како ансамблов инструмент.

Многу често со овој инструментбиле придружувани и народните песни. Во орската традиција била дел од Ансамблите составени од гајда, тапан, тамбура и кемане.

https://www.youtube.com/watch?v=C1CMAx28EXw



# Кемане

**Кемане – гусла е гудачки инструмент со крушковидна форма на кој се затегнати три жици (струни).** Постои вид на кемане со 4 жици.
**Се изработува од едно парче дрво со 3 конструкциски делови: крутна (корпус), врат (шија) и глава, од ореово, јаворово или друго дрво.**
**Звукот се добива кога со десната рака со помош на гудало се влече по жиците.**
Со притискање на жиците со прстите од левата рака, се произведува различна висина на тоновите, жиците се пос - тавени на различна висина, така што може да се свири на две жици истовремено. На првата и третата жица се испол- нува мелодијата, а на втората жица, лежечкиот тон.
За време на свирењето, кеманетo се држи во вертикална положба, наклонет на десната страна.
Кеманетo се користи камко придружник на народните песни, а ретко и како солистички инструмент.
https://www.youtube.com/watch?v=7aYt34xLKuY



# КАНОН

**Канон е жичан инструмент.** Има правилен трапезоиден корпус (форма). **Најчесто се изработува од јаворово дрво.**

Трапезоидниот корпус на канонот е затворен со мала штица од смрека и козја кожа. Над козјата кожа е поставен потпирач (магаренце) за струните, потпрен на четири места. Над кожата има смреково штиче кое го покрива корпусот. На него се затегнатиод 24 до 27 жици групирани по 3 во еден ред.

**Звукот се произведува со удирање по струните со метални напрстоци.**

Канонот е виртуозен солистички инструмент. Во Македонија го донеле турските патувачки чалгиски групи.

https://www.youtube.com/watch?v=BsbFK5N6hh4



# УТ

**Ут е инструмент со жици од персиско-арапско потекло.** Има мешлесто-крушковидно тело. Кај некои од нив вратот е подолг, а кај некои – пократок. Над вратот има глава со чивии на кои се затегнуваат жиците. Бројот на жици е различен и се движи од 8 до 12.

**Звукот се произведува кога со десната рака и со помош на трзалица (перце) се свири по жиците.** Со притискање на жиците со прстите од левата рака се добиваат тонови различни по висина.

**Во инструменталната практика, утот најчесто се среќава како ансамблов инструмент, во состав на чалгиите.** Понекогаш се користи и како солистички инструмент.

https://www.youtube.com/watch?v=62YQbuQW_MY&list=RD62YQbuQW_MY&index=1



Изработил: Благој Крстевски
– наставник по музичко образование
во О.У. „Тодор Ангелевски“ Битола